РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2017 ГОДИНА

Почитувани,

Новата програма за работа на Министерството за образование и наука обезбедува континуитет на севкупните заложби за остварување на една од најприоритетните владини цели, а тоа е градењето на национален образовен систем во кој ќе бидат интегрирани глобалните образовни трендови и систем кој ќе понуди стекнување на конкурентно знаење и познавање на областите кои се изучуваат, создавајќи притоа квалитетни генерации подготвени за вклучување и придвижување на општествено – економските текови во земјата.

Овој документ содржи бројни мерки, активности и проекти со конкретно дефинирани износи и извори на средства за имплементација и конкретни рокови за реализација. Посветеноста е подеднаква кон сите нивоа и сегменти од областа на образованието, односно кон одржувањето и унапредувањето на образовната инфраструктура, обезбедувањето на континуитет во квалитетот на наставата во основното и средното образование, достапност и развој на високото образование, како и континуирани вложувања за придвижување на науката и научно истражувачката дејност.

Уверувам дека раководните структури и стручните служби во Министерството за образование и наука ќе продолжат да бидат доследни на основните принципи на работењето, доследни на одговорното, навремено и квалитетно исполнување на преземените обврски и во временски утврдената рамка ќе успееме да ја реализираме целата содржина на оваа работна програма.

Со почит,

**Бр.08-4098/1**
**24.03.2017 година**
**Скопје**

**Министер**
**PishtarLutfiu, с.р.**

## I. ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Обезбедување и дистрибуција на бесплатни учебници до училиштата за сите ученици
**Рок:** Континуирано

2. Обезбедување на бесплатен превоз за учениците кои живеат на одалеченост поголема од 2 километри (за основно образование) односно 2,5 километри (за средно образование) од училиштето во кое учат
**Рок**: Континуирано

3. Регистрација на ученици кои не се вклучени во настава и нивно вклучување во настава
**Рок:** Континуирано

4. Воспоставување на систем за следење на запишување, проодност и осипување на учениците во основното образование, на редовна основа
**Рок:** Континуирано

5. Воспоставување на систем на поддршка на учениците од ранливите групи
**Рок:** Континуирано

6. Подобрување на наставниот кадар преку обуки, со цел постигнување еднакви стандарди
**Рок:** Континуирано

7. Анализа на постојните наставни програми
**Рок:** Континуирано

8. Ревидирање на наставните програми
**Рок**: Континуирано

9. Обука на наставниот кадар за примена на современи методи за настава, согласно ЕУ практиките
**Рок:** Континуирано

10. Доделување на парични награди за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од основното и средното образование
**Рок**:Континуирано

11.Продолжување на имплементација на проектот "Заедничка грижа за правилно насочување на учениците"преку реализирање на активности кои треба да се спроведат во текот на учебната година
**Рок:**Континуирано

12. Продолжување на имплементација на проектот „Вешти и компетентни“ преку гости предавачи (бизнисмени и претприемачи) кои го пренесуваат своето лично професионално искуство на учениците на ниво на училиште и набавка на нови учебници по предметите Иновации и претприемништво
**Рок:**Континуирано

13.Избор на училишта и пробно тестирање во рамки на проектот "Учество во ПИСА тестирањето 2018",преглед на тестови и внесување на резултати од пробното тестирање и изготвување на сет мерки за подобрување на резултатите од тестирањето
**Рок**:2017 година

14.Изработка на нова стратегија за безбедна училишна средина во рамки на проектот „Училишна превенција и справување со ризици во основните и средни училишта“ и објавување на Конкурс за избор на најбезбедно и најчисто училиште
**Рок:**Континуирано

15. Продолжување на формализацијата на средно образование за учениците - возрасни лица кои се прва, втора или трета година во средно образование во рамки на проектот „Формализација на основното и средното образование - можност за возрасните“
**Рок:**Континуирано

16. Отворање на нови кариерни центри за кариерно советување на учениците во јавните средните училишта во повеќе општини во Република Македонија и изготвување на акредитирани тестови за професионална ориентација на учениците во основно образование
**Рок:**Континуирано

17.Имплементација на проектот за заштита и афирмирање на македонскиот јазик во дијаспората преку ангажирање на професори по македонски јазик за учениците од дијаспората, организирање на онлајн натпревари по македонски јазик за учениците од дијаспората и учество на најдобрите ученици од дијаспората на државниот натпревар по предметот македонски јазик и литература во Република Македонија
**Рок:**Континуирано

18. Реализација на проектот „Мултикултура“ преку реализација на Квиз „Заедно учиме“ (за сите ученици од второ до седмо одделение) и дебата на тема „Образованието – врата кон успехот“ (за учениците од осмо и деветто одделение).
**Рок**:Април 2017 година

19.Изработка на концепт за воведување на ,,Финансиско образование" во основно образование, обука на наставниците и имплементација на проектот
**Рок:**2017 година

20. Изготвување на наставни програми врз основа на донесени концепции за гимназиско и уметничко образование
**Рок:** Континуирано

21. Изготвување на наставни програми врз основа на донесени концепции за стручно образование
**Рок:** Континуирано

22. Изготвување на конкурс за упис на ученици во јавните средни училишта
**Рок:**Континуирано

23.Доделување на парични средства за ученици и наставници од основните и средните училишта за освоено прво место на државно ниво организирани од страна на акредитирани здруженија на наставници од страна на МОН
**Рок:**Континуирано

24. Доделување на парични средства во висина до 30.000 денари за одобрена апликација, за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата
**Рок:**Континуирано

25. Продолжување со имплементација на проектот за избор на Најдобра училишна веб страница во основните и средните училишта
**Рок:**Континуирано

26.Анализа и преглед на веќе постоечките веб портали кои содржат едукативни видео содржини и надградба или изработка на веб портали за видео содржини врз основа на направениот преглед
**Рок:**Коннтинуирано

27.Подготовка за обезбедување на  современ, електронски систем за образование кој ќе содржи таканаречени интерактивни училницикои се користат за изведување на одделенска настава (до V одделение) ќе се опремат со интерактивна (смарт) табла и лап топ за наставникот. За наставата во повисоките одделенија и за средните училишта ќе се опремат кабинети (2-4 во зависност од големината на училиштето) во кои ќе има персонални компјутери со софтвер.
**Рок**: Континуирано

28. Доделување на парични награди на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата за освоен златен, сребрен и бронзен медал на  една од 13-те меѓународни научни олимпијади
**Рок:**Континуирано

29. Продолжување со имплементација на ИБ Програмата во македонскиот образовен систем
**Рок:**Континуирано

30.Воведување на адаптирани наставни програми од Кембриџ по предметите од областа на природните науки и математиката во прва година од средното образование и развивање на истите за втора година средно образование. Набавка на учебници по адаптирани наставни програми од Кембриџ по предметите од областа на природните науки и математиката во прва година
**Рок**:Континуирано

31.Отпочнување со работа на апликацијата - обсерваторијата за вештини (Skills observatory) во рамките на министерството .
**Рок:**Континуирано

32. Продолжување со реализација на проектотза доделување грантови за спроведување на заеднички проекти на јавните средни стручни училишта и бизнис секторот
**Рок:**Континуирано

33.Изработка на нови наставни програми, подготовка на опис на потребна опрема и вршење на обука на наставниците во врска со новите наставни програми и почеток со користење на новите наставни програми во 4 годишното средно стручно образование
**Рок**:Континуирано

34.Доделување на стипендии за наставници кои ќе се запишат на еден од 200-те најреномирани светски универзитети од областа на образованието
**Рок:**Континуирано

35. Реализација на натпревари на локално и државно ниво помеѓу ученици од сродни образовни профили во средните стручни училишта, со што  се избираат ученици – лидери во секоја струка
**Рок:**Континуирано

36. Продолжување на активностите во однос на Интерактивниот портал за тутори
**Рок:**Континуирано

37.Доделување на стипендии за ученици запишани на Спортската академија
**Рок**:Континуирано

38. Обезбедувањенасредствазапроектизавоспоставувањенаучилишнакомпанијасоменторствоодбизнисзаедницата
**Рок**:Континуирано

39.Надградување и подобрувањенасистемотнаекстернопроверувањенапостигањатанаучениците
**Рок**:Континуирано

40. Изработка на проект за поддршка и индивидуална работа со учениците од последната година од средните училишта за децата со посебни потреби со цел нивно поттикнување за продолжување на образованието и запишување на факултет
**Рок**:2017 година

41. Утврдување на концепт за ангажирање на тренери од странство, детектирање на тренерите од странство и ангажирање на истите
**Рок**:Септември 2017 година

42. Продолжување со реализација на формирање на училишни спортски клубови, организирање и реализација на општински, регионални и државни спортски натпревари за учениците од основното и средното образование во машка и женска категорија во спортовите: пинг понг, одбојка, кошарка, ракомет, стрелаштво, карате, скијање, голем фудбал, футсал, атлетика, шах, борење, организирање на гимназијада и организација на летен камп за најдобрите ученици и тоа најдобрите 10 во колективните спортови од секоја категорија
**Рок**:Континуирано

43. Изготвување на детален проект за основање на специјализирана национална математичка гимназија и негово усвојување
**Рок:**2017 година

44. Изготвување на Програма за организирање на саем на ученички иновации и реализирација на промотивни активности по донесување на Програмата, со почеток на новата учебна година 2017/2018
**Рок**:2017 година

## III. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

1. Испитување на потребите на пазарот на труд и прилагодување на студиските програми согласно тие потреби.
**Рок:** Континуирано

2. Изработка на база на податоци (софтвер и прибирање и ажурирање на податоци)за потребите на Пазарот на труд.
**Рок:**Крај на годината

3.Утврдување на кадровските и просторните услови на високообразовните установи согласно уредбата за формирање на вискообразовните установи и поефикасен систем за студирање.
**Рок:** Континуирано

4. Примање, разгледување и решавање по иницијативи од високообразовните установи за воведување на нови студиски програми.
**Рок:** Континуирано

5. Работа на матични комисии која ги отпочнува активностите за основање на високообразовна установа, согласно уредбата за оснивање на високообразовни установи.
**Рок:** Континуирано

6.Примање, разгледување и решавање по иницијативи од високообразовните установи за решение за почеток со работа, по исполнување на условите.
**Рок:** Континуирано

7. Разгледување и решавање по предлозите од високообразовните установи за зголемување на квотите на бројот на студенти.
**Рок:** Континуирано

8. Определување на број на слободни места за запишување на студенти во прва година, прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во Република Македонија и објавување на Одлука за број на слободни места.
**Рок:** Април - Мај

9. Изработка на регистар на високообразовни квалификации.
**Рок:** Континуирано

10. Академско признавање на квалификациисоред утврдена процедура, на предлог на стручните комисии.
**Рок:** Континуирано

11. Регионална соработка со високообразовните установи во рамките на платформата за Западен Балкан.
**Рок:**Континуирано

12. Western Balkans Platforms (ECEA) – Воспоставување на критериуми за настава во основното и средното образование и се овозможува заеднички пристап во обезбедување на квалитетни политики за осигурување на квалитет во високото образование и признавање на странски високообразовни установи.
**Рок:** континуирано

13. Превод на нови 50 книги од реномирани автори и универзитети
Надградба на проектот "Превод на 1000 стручни книги и учебници од кои се учи на најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија" со нови 50 наслови од областа на педагошките науки, земјоделските науки и медицинските науки. Проектот има за цел да придонесе кон збогатување на стручната и научна литература за потребите на академскиот кадар и студентите во Република Македонија.
**Рок:** континуирано

14. Поднесување на квоти од страна на високо-образовните установи за упис на студенти во рамки на Проектот 30/35, донесување на Одлука за давање на согласност на квотите на високообразовните установи и упис на студентите на високообразовните установи во рамки на Проектот 30/35
**Рок:**Континуирано

15. Имплементација на проектот „Промена на студентскиот статус односно секој студент запишан на некој од државните универзитети во квотата со кофинансирање, врз основа на што плаќал надомест од 400 евра на годишно ниво, доколку по завршена втора студиска година на прв циклус на студии, практично по положувањето на сите дотогашни испити, оствари просечна оценка над 8,5, по автоматизам ќе биде префрлен во државна квота и ќе плаќа за 50% понизок надомест во преостанатиот период на студирање, односно 200 евра на годишно ниво.
**Рок**:септември 2017 година

16. Реализација на проектот„Намалена партиципацијата за 50% за студентите од самохрани и еднородителски семејства"
**Рок:**септември 2017 година

17.Утврдување на државна квота за упис на техничките факултети за сите студенти од семејства со приход не поголем од просечна нето плата, а кои ќе запишат за прв пат на овие факултети, Објава на Конкурс за упис на високообразовните установи согласно утврдените квоти од Владата на Република Македонија и упис на студенти во рамки на државните квоти на студиски програми од техничките науки
**Рок:**септември 2017 година

18. Утврдување на зголеми квоти за упис на додипломски студиски програми за ИКТ на јавните универзитети и Воспоставување двегодишни специјалистички студии по информатика
**Рок:**септември 2017 година

19.Изготвување на проект за основање на Национален центар за далечинско и е-учење
**Рок:**2017 година

20.Дефинирање на предлог пакет финансиски стимулативни мерки за наставниот, наставно-научниот и соработничкиот кадар од високо-образовните установи и научните институти, кој ќе објави научен или стручен труд во најпрестижните меѓународни списанија со импакт фактор (предлог стимулативни мерки, утврдување на меѓународни списанија со импакт фактор), утврдување на пакетот финасиски стимулативни мерки и имплементација на мерките
**Рок:**септември 2017 година

21.Спроведување на активности за основање на Национален центар за научни истражувања
**Рок:**2017 година

22.Обезбедување на современа опрема за лабораторија/центар за когнитивни науки во Р. Македонијаи нејзино отпочнување со работа
**Рок:**октомври 2017 година

23.Обезбедување на претплата на база за научно-истражувачка работа
**Рок:**2017 година

24. Подобрен модел на финансирање на високото образование заснован на најдобри светски практики
**Рок:** октомври 2017

## IV. ИНВЕСТИЦИИ ВО ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Реализација и следење на Потпрограмата за изградба и реконструкција на основни училишта
**Рок:** континуирано

2. Реализација и следење на Потпрограмата за изградба и реконструкција на средни училишта
**Рок:** континуирано

3. Реализација и следење на Програмата за реконструкција и санација на ученичките домови од страна на Одделение за ученички и стандард во соработка со Одделение за капитално инвестирање
**Рок:** континуирано

4. Реализација и следење на Потпрограмата за изградба и реконструкција на студентските домови од страна на Одделение за студентски стандард во соработка со Одделение за капитално инвестирање
**Рок:** континуирано

5. Изградба и реконструкција на високообразовни објекти во Република Македонија
**Рок:** континуирано.

## V. УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

1. Реализација и следење на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард
**Рок:** континуирано

2. Обезбедување на бесплатно сместување и исхрана на ученици од средното образование кои изучуваат струки кои не се застапени во нивната општина/регион.
**Рок:**континуирано

3. Доделување стипендии за ученици од средното образование (согласно одлука на Владата на Република Македонија и според закон) и тоа стипендии за: талентирани ученици, за ученици - спортисти, за ученици со посебни потреби, за ученици - деца без родители, за ученици од угостителско – туристичка струка, за социјална поддршка на ученици од јавните и приватните средни училишта во Република Македонија и стипендии за ученици од Спортска академија
**Рок:** септември - декември 2017 година

4. Следење и реализација на конкурсите, почнувајќи од електронското пријавување, доставување на документацијата, изборот на кандидати на кои им се доделува стипендијата, потпишување на договори и исплата на стипендиите на избраните кандидати.
**Рок:** септември - декември 2017 година

## VI. СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

1. Обезбедување на сместување и исхрана на студенти запишани на факултети надвор од местото на живеење.
**Рок:** септември - декември 2017 година

2. Реализација и следење на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард, којашто ја донесува Владата на Република Македонија.
**Рок:**континуирано

3. Доделување на стипендии за студенти и тоа: стипендии за стипендирање на студенти запишани на додипломски студии од прв циклус во Република Македонија и во странство во учебната 2017/2018 година по различни основи и видови и тоа: студентски стипендии “Прва група” (1500 стипендии за студенти од социјални категории);студентски стипендии “Втора група”630 стипендии (590 стипендии за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето, и тоа за студенти запишани на техничките факултети и медицинските науки кои постигнале просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.50, а за студентите на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите да имаат постигнато најмалку 9,00 просечен успех) и (105 стипендии за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето, и тоа за студенти запишани на студиски програми по информатика кои постигнале просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 9,00 просечен успех);студентски стипендии “Трета група” (650 стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и кои постигнале просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 7,00 просечен успех); студентски стипендии за студенти запишани на Технолошко-металуршки факултет;стипендирање на студенти-деца на загинатите бранители од АРМ и МВР загинати во хеликоптерска несреќа;доделување на 20 стипендии за додипломски студии по старотурски јазик; стипендии за студии од прв, циклус во странство на најдобрите 100 универзитети во светот според Шангајската ранг-листа; стипендии за студии од прв од областа на филмската и музичката уметноста Academy of Performing Arts (FAMU), во Прага, Република Чешка; стипендии на странски стипендисти за студирање на УИНТ;стипендии за македонски државјани од други држави кои студираат на државните високо-образовни установи во Македонија; стипендии за студирање на македонски јазик на државните универзитети за странски стипендисти; стипендии за студенти кои студираат математика, физика и хемија, со месечен износ од 18.000 мкд, во насока на стимулирање на студентите за овие дефицитарни насоки
**Рок:**континуирано

4. Следење и реализација на конкурсите, почнувајќи од електронското пријавување, доставување на документацијата, изборот на кандидати на кои им се доделува стипендијата, потпишување на договори и исплата на стипендиите на избраните кандидати
**Рок:**континуирано

5.Реализација на проектот „Субвенционирано купување на музички инструменти“ преку доделување на еднократен паричен надоместок за студентите запишани на факултетите за музичка уметност кои ги исполниле условите согласно Јавниот повик
**Рок:** мај - декември 2017 година

6.Подготвителни активности за отворање на читални во Струмица, Аеродром, Велес, Прилеп, Гевгелија и Струга и голема Мултифункционална читална во Скопје
**Рок**:2017 година

7. Подготовка на државните студентски домови за инсталација на пералните и сушалните и нивна инсталација/поставување во домовите
**Рок:**2017 година

8.Обезбедување на бесплатно патување во Париз, Венеција и Барселона на студентите на трите најдобро рангирани универзитети во Република Македонија според ранг-листата на Шангајскиот универзитет, кои имаат просек повисок од 9,5 и се пред дипломирање
**Рок**:Континуирано

## VII. НАУКАТА И ИНОВАЦИИ

1. Доделување на стипендии за студенти и тоа:стипендии за студии од втор и трет циклус во странство на најдобрите 100 универзитети во светот според Шангајската ранг-листа; стипендии за студии од втор циклус од областа на филмската и музичката уметноста Academy of Performing Arts (FAMU), во Прага, Република Чешка; стипендии за последипломски студии на ЈНУ Институт за филм, Филмска академија – Охрид; стипендии „Борис Трајковски" за студии од втор циклус за Извршната МБА програма на универзитетот Шефилд;
**Рок:** континуирано

2.Следење и реализација на конкурсите, доставување на документацијата, изборот на кандидати на кои им се доделува стипендијата, потпишување на договори и исплата на стипендиите на избраните кандидати
**Рок:**континуирано

3. Финансирање на национални научно-истражувачки проекти
**Рок:** 2017 година

4. Финансирање на програмите на јавните научни установи и единиците насочени кон науката при државните универзитети согласно Програмата за научно-истражувачка дејност за 2017 година
**Рок:** 2017 година.

5. Доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд од домашни автори во меѓународни научни списанија со фактор на влијание.
**Рок:** 2017 година

6. Организација на научни собири и учество на домашни истражувачи на меѓународни научни собири
Со програмата за научно-истражувачка дејност предвидена е финансиска поддршка за организирање на научни собири од национален и меѓународен карактер во Република Македонија каде што се презентираат најновите достигнувања во соодветна научна област преку презентација на научни трудови. Исто така, Министерството за образование и наука покрива дел од трошоците за усовршување на домашните истражувачи на научни собири во странство преку нивно активно учество на конгреси, конференции, симпозиуми и семинари.
**Рок:** континуирано

7. Билатерална и мултилатерална соработка
Активностите на билатерален план се одвиваат врз основа на потпишани Спогодби за соработка во областа на образованието, науката и иновациите со 21 земја, а преку реализција на билатерални научно-истражувачки проекти, размена на студенти, постдипломци, докторанти, визитинг професори, експерти, се поттикнува изучувањето и промовирањето на македонскиот јазик и книжевност, работата на лекотратите и др.
Мултилатералната соработка се одвива преку реализација на активности во рамки на најголемата Европска рамковна програма за истражување и развој „Хоризонт 2020", КОСТ програмата (COST), преку соработката со Заедничкиот истражувачки центар

(JRC), со УНЕСКО, со Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA), Централно европската иницијатива (CEI).
**Рок**: континуирано

8. ЦЕЕПУС програма
Во рамки на оваа програма се подржува престојот на постдипломци, универзитетски професори во Република Македонија.
**Рок:** континуирано

9. Промоција на програмите и дисеминација на резултатите од научно-истражувачката дејност и иновациите
Министерството за образование и наука организира редовни промоции за набавената опрема за научно-истражувачката дејност, преводот на книги, доделените стипендии за втор и трет циклус на студии, користењето на пристапот до електронски научни списанија и др.
**Рок:** континуирано

10. Доделување на стипендии за магистерски и докторски студии на државните универзитети во Република Македонија
**Рок**: септември 2017 година

11.Продолжување на постапката за акредитација на лабораториите доделени на високобразовните институции и јавни научни установи на територија на Република Македонија согласно проектот "Комерцијализација на лабораториите за потребите на бизнис секторот"
**Рок**:Континуирано

## VIII. СОВЕТУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ И УЧЕНИЦИ

1. Соработка со училиштата при појава на асоцијално или антисоцијално однесување на ученик
**Рок:** континуирано

2. Соработка со училиштата поради неприсуство на родител уредно поканет на советување заради конфликтни појави кај ученикот
**Рок:** континуирано

## IX. АКТИВНОСТИ НА ПЕДАГОШКАТА СЛУЖБА

1. Спроведување на конкурсните постапки за одобрување на учебници за основно, гимназиско, средно и средно-стручно образование
**Рок:** континуирано

2. Спроведување на постапка за откуп и дистрибуција до училиштата на учебници за сите запишани ученици од основно и средно образование
**Рок** април, мај, јуни

3. Спроведување на набавка за подготовка, превод, печатење и дистрибуција на учебници за сите запишани ученици од основно и средно образование
**Рок**: континуирано

4. Водење на база на податоци во кои се внесуваат годишните нарачки на училиштата за бесплатни учебници, а воедно и на веќе нарачани употребувани учебници, за основно и средно образование
**Рок:** континуирано

## X. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

1.Изготвување на Предлог- уредби за распределба на блок дотации во основното и средното образование по општини и Градот Скопје за 2018 година, согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Законите за основно и средно

образование, а врз основа на претходна анализа на училишна мрежа, ученици, паралелки и вработени во општински училишта.
Рок: мај 2017

2. Пресметка на блок и наменски дотации за 2018 година
Рок: август 2017

3. Распределба на дотациите по општини согласно годишни, квартални и месечни планови.
Рок: континуирано

## XI. ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА

1. Следење на реализацијата на услугата за пристап до Интернет за основните училишта, средните училишта и државните студентски домови.
**Рок:** Континуирано во текот на годината

2. Следење на реализацијата на услугата за пристап до Интернет за Министерството за образование и наука.
**Рок:** Континуирано во текот на годината

3. Подршка при имплементација на проектот „Компјутер за секое дете".
**Рок:** Континуирано во текот на годината

4. ИТ Администрација на проектот „е-дневник".
**Рок**: Континуирано во текот на годината

5. Подршка на ЕМИС- информациски систем за менаџмент во образованието.
**Рок:** Континуирано во текот на годината

6. Учество во меѓуресорскиот проект VoIP во јавната администрација и поддршка на имплементацијата на проектот во министерството.
**Рок:** Континуирано во текот на годината

7. Учество во меѓуресорскиот проект „Електронски систем за управување со документи" - DMS и поддршка на имплементацијата на проектот во министерството.
**Рок:** Континуирано во текот на годината

8. Имплементација на препораките од РУК за ISO стандарди и постапување по востановените процедури.
**Рок:** Континуирано во текот на годината

9. Поддршка на LMS системот во министерството.
**Рок:** Континуирано во текот на годината

10. Надзор врз Заштита на лични податоци во збирките на лични податоци кои ги води министерството
**Рок**: Континуирано во текот на годината

11. ИТ Администрација на проектот „плагијати".
**Рок**: Континуирано во текот на годината

## XII. АКТИВНОСТИ НА СЕКТОРОТ ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА

1. Подготовка и следење на имплементација на НПАА (2017-2019) за поглавјата од областа на образование и наука
**Рок:** Континуирано

2. Следење на процесот на имплементација на одредбите од ССА
**Рок:** Континуирано

3.Промоција на програмата „Европа за граѓаните“ 2014-2020
**Рок:** Континуирано

4. Активности за имплементација на Европското законодавство со одредбите за меѓусебно признавање на професионални квалификации.
**Рок:** Континуирано

5.Продолжување на активностите за имплементација на приоритетна оска 2 – Образование и обука во рамки на ОПРЧР 2007-2015
**Рок** :Контунуирано

6. Објавување на повици за учество во програмата Еразмус плус 2014-2020
**Рок:**Континуирано

7.Објавување на повици за учество во програмата за Меѓународна мобилност на полето на образованието, обуката и младинската работа
**Рок:**Континуирано

8.Подготовка на секторски програмски документи за ИПА Инструментот за 2014-2020 година.
**Рок:**Континуирано